**ОПШТИНА ДОЈРАН**
***Градоначалник***
**Кеј 5-ти Ноември б.б., Стар Дојран , 1487**
**tel/fax: +389 34 225 278**
**e-mail: dojran@t.mk**
**Стар Дојран**

**Бр.04-1057/1** **10.12.2020 година**

Врз основа на член 48 став 4 од Законот административни службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16,35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19 и 14/20) и Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на Општина Дојран, бр. 09-521/1 од 26.06.2020 година, Општина Дојран, објавува,

# ИНТЕРЕН ОГЛАС бр.02/2020
## за унапредување на 3 (три) административни службеника во Општина Дојран

Општина Дојран објавува интерен оглас за унапредување на **3 (три) административни службеника** за следните работни места:

**1.**УПР 01 01 В01 000, Советник-Одговорен сметководител, Одделение за финансиски прашања и наплата на даноци-1 (еден) извршител

Општи услови
-да е државјанин на Република Македонија,
-активно да го користи македонскиот јазик,
-да е полнолетен,
-да има општа здравствена способност за работното место и
-со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност,
Посебни услови:
-ниво на квалификации VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен, Економски науки,
-најмалку три години работно искуство во струката;
-активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
-активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски)

Распоред на работното време:
-работни часови во неделата: 40,
-работно време: од 7:30 до 15:30,
-работни денови-понеделник-петок
-паричен износ на основна нето плата: 26.252 денари

**2**. УПР 01 01 В02 000 - Виш соработник за буџетска контрола во Одделение за финансиски прашања и наплата на даноци-1 (еден) извршител
Општи услови
-да е државјанин на Република Македонија,
-активно да го користи македонскиот јазик,
-да е полнолетен,
-да има општа здравствена способност за работното место и

-со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност
Посебни услови:
-ниво на ниво на квалификациите VI Б според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен, Економски науки, Организациони науки и управување (менаџмент);
работно искуство: најмалку две години работно искуство во струката;
-активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
-активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски)
Распоред на работното време:
-работни часови во неделата: 40,
-работно време: од 7:30 до 15:30,
-работни денови-понеделник-петок
-паричен износ на основна нето плата: 24.407 денари.

**3.** УПР 01 01 В02 000- Виш соработник за развој и унапредување на туризмот во Одделението за туризам и локален економски развој1 (еден) извршител
Општи услови
-да е државјанин на Република Македонија,
-активно да го користи македонскиот јазик,
-да е полнолетен,
-да има општа здравствена способност за работното место и
-со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност

Посебни услови:
-ниво на ниво на квалификациите VI Б според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен, туризам и угостителство,
работно искуство: најмалку две години работно искуство во струката;
-активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
-активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски)
Распоред на работното време:
-работни часови во неделата: 40,
-работно време: од 7:30 до 15:30,
-работни денови-понеделник-петок
-паричен износ на основна нето плата: 24.407 денари.

Потреби општи **работни комепетенции** на средно ниво за сите 3(три) работни места:
- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон клиенти/засегнати страни;
- финансиско управување

На интерниот оглас може да се јават административни службеници вработени во Општина Дојран, кој ги исполнуваат општите и посебните услови за пополнување на наведените работни места, под реден број 1,2 и 3, пропишани за соодветното ниво со законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на Општина Дојран, при ова административниот службеник треба да ги исполнува и следните услови:

-да е оценет со оцена „А“ или „Б“ при последното оценување,

-да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамките на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас;

-да поминал најмалку две години на тековното работни место;

-да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Заинтересираниот административен службеник, поднесува пополнета пријава со назнака за реден број, за кое работното место се пријавува и докази за податоците содржани во пријавата преку архивата на Општина Дојран, освен во хартиена форма, може да биде испратена и електронски на следната адреса: dojran@t.mk.

Кандидатите кон пријавата можат да ги приложат следниве докази:

-потврди за успешно реализирани обуки и/или

-потврди за успешно реализирано менторство

Рокот за доставување на пријавите изнесува 5 дена сметано од денот на објавувањето на огласот.

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот.

НАПОМЕНА: Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата за унапредување се дисквалификува од понатамошна постапка.

**Градоначалник**
**на Општина Дојран**
**Анго Ангов**